**Триглав Осигурување АД, Скопје**
бул. 3-та Македонска Бригада бр. 36
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување фазани во фазанерии

УС-жив-фаз
16-1-мк

## член 1: предмет на осигурување

[1] Предмет на осигурување по овие Посебни услови може да бидат здрави фазани кои се чуваат во посебни технолошки услови на одгледување, и тоа:
1) фазански пилиња на возраст од 1 до 49 дена;
2) фазански подмладок на возраст од 49 дена до 6 месеци; и
3) фазански петли и јарки на возраст над 6 месеци.

[2] Осигуреникот е должен да ги осигури сите грла кои ги поседува доколку тие ги исполнуваат условите за осигурување.

[3] Не се предмет на осигурување:
1) болни грла или сомнителни на некоја заразна болест;
2) закржлавени грла и грла во лоша кондиција;
3) грла кои се чуваат во лоши зоохигиенски услови;
4) грла кои се одгледуваат на екстензивен начин.

## член 2: опасности опфатени со ова осигурување и исклучоци

[1] Осигурувачот е должен да плати надомест од осигурување за штети кои ќе настанат поради опасност од пцовисување поради болест или незгода во обемот утврден во овие Услови.

[2] Ако е однапред договорено и е платена дополнителна премија, осигурувањето се проширува и за штети кои ќе настанат поради снег и ниски температури.

[3] Со ова осигурување не се опфатени опасностите кои настануваат поради:
1) земјотрес, нуклеарна експлозија и радиоактивна контаминација;
2) недоволна и неисправна исхрана, како и поради исхрана со расипана храна која не е во согласност со прописите за производство и промет на сточна храна, по вина на осигуреникот;
3) ненавремено лекување на болните грла или непридржување кон упатството добиено од ветеринарот;
4) штети кои настануваат како последица од непридржување или неприменување на ветеринарни и санитарни мерки за спречување и сузбивање на заразни болести, предвидени со законски прописи, па и во случаи кога надлежен орган не донел наредба за присилно колење, односно отепување;
5) заразни и паразитски болести кои се уништуваат по сила на закон;
6) неспроведување на утврден технолошки процес и нормативи, пропишани превентивни мерки, како и непридржување према зоохигиенски минимуми;
7) селекција на фазаните или на подмладокот поради физичкиот изглед или неадекватен прираст кај таквите грла;
8) колење на осигурените грла без вистинска потреба и причина согласно одредбите на овие Услови;
9) бучава, свирење со автомобили и трактори, како и задушување предизвикано од разни надворешни фактори; и
10) транспорт на осигурените грла.

## член 3: сума на осигурување

[1] Сумата на осигурување кај фазанските пилиња се одредува врз основа на нивната излезна вредност од гоењето.

[2] Кај фазаните за производство на јајца сумата на осигурување е нивната вредност при преминување од категорија подмладок во категорија за приплод, односно категорија за производство.

## член 4: место на осигурување

[1] Осигурувањето важи додека осигурените фазани се во местото кое е наведено во полисата.

## член 5: утврдување и пресметка на штета

[1] Утврдување на штета врши осигурувачот со ветеринар на местото каде што е настаната штетата на лешевите од пцовисаните фазани. Ако осигурувачот не може да присуствува при утврдувањето на штетата, неа ќе ја утврди ветеринарот кој ординира на тој реон или сопствениот ветеринар, кој врши секцирање на лешевите и дијагнозата ја внесува во шталскиот дневник.

[2] Осигурувачот е должен да исплати надомест од осигурувањето во висина на вистинската вредност на пцовисаните фазани, до договорената сума на осигурување.

[3] Ако при увидот на штетата се утврди дека осигуреникот има поголем број фазани од бројот кој го осигурал, во тој случај оштетата ќе се пресмета во соодност меѓу бројот на осигурените грла и утврдениот број при увидот.

[4] Сите трошоци во врска со лекувањето на разболените грла и трошоците за превентива и слично, како и трошоците за секцирање, превозот на пцовисаните фазани и набавување на потребни податоци (лабораториски наоди и експертиза), паѓаат на товар на осигуреникот.

## член 6: почеток и престанок на обврската на осигурувачот

[1] Обврската на осигурувачот од опасноста смрт од болест или несреќен случај почнува во 24:00 часот од денот кој е назначен во полисата за почеток на осигурувањето, под услов премијата да е платена до тој ден, доколку не е поинаку договорено.

[2] Обврската на осигурувачот престанува во моментот кога осигурените фазани ќе го завршат производниот процес, односно во 24:00 часот на денот кој во полисата е назначен како истек на осигурувањето.

## член 7: примена на општите услови за осигурување животни

[1] За осигурувања склучени по овие Посебни услови се применуваат и одредбите од Општите услови за осигурување животни, ако не се во спротивност со нив.

[2] Овие услови влегуваат во сила со денот на донесувањето.